СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR
Арх.бр. УП1-15 924/2022

Дата: ....19.-05-.2022.

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Охрид се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на згради за времено сместување со апартмани и студија на КП 1189, КП 1190 и КП 1191, КО Елшани, Општина Охрид.**
Површината на планскиот опфат изнесува 0,19 Ха.
2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y37521i** се составен дел на Решението.
3. Условите за планирање на просторот за изградба на згради за времено сместување со апартмани и студија на КП 1189, КП 1190 и КП 1191, КО Елшани, Општина Охрид, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.
4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на згради за времено сместување со апартмани и студија на КП 1189, КП 1190 и КП 1191, КО Елшани, Општина Охрид, потребно е да се почитуваат одредбите

пропишани во законската регулатива од областа на заштитна на животната средина и подзаконски акти донесени врз нива основа.

5. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор за изградба на згради за времено сместување со апартмани и студија на КП 1189, КП 1190 и КП 1191, КО Елшани, Општина Охрид, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.

6. Со издавање на ова Решение престанува да важи решение бр. УП1-15-275/2022 од 24.02.2022 издадено врз основа на елаборат со тех. бр. Y37521 кое се однесува за Услови за планирање на просторот за изградба на семејни куќи за времен престој - викенд куќи на КП 1189, КП 1190 и КП 1191, КО Елшани, Општина Охрид.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Охрид, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 42340 од 07.04.2022 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Условите за планирање на просторот за изградба на згради за времено сместување со апартмани и студија на КП 1189, КП 1190 и КП 1191, КО Елшани, Општина Охрид.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на згради за времено сместување со апартмани и студија на КП 1189, КП 1190 и КП 1191, КО Елшани, Општина Охрид и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 924/2022 од 13.05.2022 година.

Условите за планирање на просторот **за изградба на згради за времено сместување со апартмани и студија на КП 1189, КП 1190 и КП 1191, КО Елшани, Општина Охрид** претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Скопје

Изготвил: Раиф Сулејмани

Одобрил: Соња Фурнаџиска